**20250410950**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 15-а, став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 3/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА ДЕЦАТА ОД ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ КОИ НЕ БИЛЕ ВКЛУЧЕНИ ВО НАСТАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за извршена проверка на знаењето на децата од воспитно-поправни установи кои не биле вклучени во настава, заради вклучување во соодветното одделение на основното образование.

Член 2

Потврдата од член 1 од овој правилник, се издава на образец со димензии 29,7 см х 21 см, чија содржина е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-3181/1
17 февруари 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

______________________________________________________________________________

(име на основното училиште и место)

____________________________

(општина)

# П О Т В Р Д А

______________________________________________________________________________

(име и презиме на детето)

син/ќерка на ____________________________ роден/а на _______________________ година

(име на родителот/старателот)

во ____________________________________ општина ________________________________

држава ____________________________________________ државјанство ________________

______________________________________________________________________________

По извршената проверка на знаењето на детето од воспитно-поправната установа кое не било вклучено во настава, основното училиште ја издава оваа потврда заради вклучување во основното образование и запишување во _______________________ одделение.

(со римски број и со букви)

Во ______________________ ____________ 20___ година. Дел. бр. ________________

(место) (датум)

М. П. Директор,

______________________